**Изготвена Концепција за организација и реализација на вонnаставните активности во основните училишта во Република Македонија**

Согласно Програмата за работа на Бирото за развој на образованието за 2019 година Секторот за истражување во образованието изготви акциски план според кој се спроведување на активностите за изготвување на „Концепција за организација и реализација на вонnаставните активности во основните училишта во Република Македонија".

Акцискиот план предвидува Истражување што ке биде спроведен од страна на советниците од Секторот за истражување во образованието и експерти од високообразовни институции.

Цел на истражувањето „Вонnаставните активности во основното образование" е да се утврди актуелната состојба во поглед на планирањето и реализирањето на вонnаставните активности во основните училишта во Република Македонија и да се дефинира концептуална рамка за начинот на планирање и реализација на вонnаставните активности во основните училишта.

Оттука произгегуваат и задачите на истражувањето: да се дефинира поимот „вонnаставни активности" (концептуално определување); да се прикажат одредени теории кои се однесуваат на предметот на истражувањето, односно кои даваат одговор на прашањето: зошто и како треба да се организираат/реализираат вонnаставните активности;  да се прикажат искуствата на одредени земји во однос на начинот на планирање и реализација на вонnаставните активности; да се истражи актуелната состојба во основните училишта во Република Македонија во однос на: а)застапеноста на вонnаставните активности во основните училишта: (фрекфентност, начин на реализација, ефекти од реализацијата, пречки и предизвици), б) планирање на вонnаставните активности; в) мерење на ефектите од реализацијата. Последна задача е да се дадат препораки за начинот на планирање на вонnаставните активности во основните училишта во Република Македонија.